**НАЦРТ**

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на _.11.2025 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА<br>ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2026 ГОДИНА

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;
- Создавање услови за поддршка при реализирање на активности на граѓаните и Здруженијата на граѓани;
- Афирмација на Општина Велес како општина со развиена НВО мрежа и фондации.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот и продлабочување на соработката со претставниците на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на Здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Создавање можности на Здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции;
- Воспоставување соработка со Здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Поддршка на Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

| Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Назив** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **1.540.000,00** |
| 1.1. | Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности | 300.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на Балетско студио „Анабела”, Велес за активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци | 120.000,00 |
| 1.3. | Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина”, Велес | 180.000,00 |
| 1.4. | Поддршка на ЗГ „Велес бајкинг”, Велес за организација на 11. Фестивал на отворено „АЗОТ мтб предизвик 2025” | 30.000,00 |
| 1.5. | Поддршка на активности на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес | 30.000,00 |
| 1.6. | Поддршка на Невладина организација „Пситрабол”, Велес за организација на музички настан во Велес | 60.000,00 |
| 1.7. | Поддршка на Стрип центар на Македонија - Велес за организација на 22. Меѓународен салон на стрип „Велес 2025” и 7. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2025” | 90.000,00 |
| 1.8. | Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје | 60.000,00 |
| 1.9. | Поддршка на активности на ЗГ „Акцијаш – Ветерани”, Велес | 60.000,00 |
| 1.10. | Поддршка на рекреативен велосипедски настан „Велес мтб тоур 2025“ во организација на ЗГ „Велес бајкинг“, а во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2025 | 100.000,00 |
| 1.11. | Изложба на историски автомобили олд тајмери, ЗГ „Кингс оф д стридс” | 60.000,00 |
| 1.12. | Поддршка на активности на Ансамбл „Керамичар” | 100.000,00 |
| 1.13. | Поддршка на активности на КУД „Вила Зора” | 100.000,00 |
| 1.14. | Поддршка на активности на КУД „Коле Неделковски” | 100.000,00 |
| 1.15 | Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на Стрит фуд фестивал | 150.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **1.540.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес ќе ги помага активностите на граѓанскиот сектор со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати и слично на теми што се од јавен интерес;
- Поддршка при организирање кампањи;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насоките кон сферите на делување на општината.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година претставува континуитет од Програмата за 2025 година. Нацрт-документот е првично планирање на активностите во оваа област, а конечната Предлог-програма ќе содржи во себе забелешки, сугестии и насоки што ќе произлезат од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, Здруженијата на граѓани и месните и урбаните заедници.

Континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор, Општина Велес го негува преку поддршка на активности на Здруженијата на граѓани преку реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, преку создавање можности на Здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции.

Како една од ретките единици на локалната самоуправа, Општина Велес во континуитет обезбедува просторни услови за работа на Здруженијата на граѓани, кои реализираат свои проекти и активности, а се однесуваат на различни целни групи и категории на наши сограѓани.